ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Политичка парија Социјалдемократскиот сојуз на Македонија – СДСМ

**Предмет на ревизија:**
Финансиски извештаи на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите и трансакциите се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- Дел од наследените градежните објекти се со нерешен сопственички статус и истите не се воведени во евиденција и
- месечната членарина од секоја општинска организација, во вкупен износ се уплатува директно на трансакциска сметка, поради што не се обезбедува целосен увид и потврдување во поединечно уплатените средства за членарина

**Издадено мислење/заклучок*:** (со резерва)
Изразивме мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики

**Клучни препораки:**
- Продолжување на активностите за утврдување на сопственост на објектите и нивно евидентирање и
- доуредување на начинот на прибирање, уплата и известување за примените

**Клучни системски слабости:**
Да се преиспита законската одредба во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка; допрецизирање во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства; измена и дополна на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации и регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

**Одговор на добиени забелешки:**
/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Јордан Мијалков, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, Rr. „Jordan Mijallkov“, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Jordan Mijalkov St. Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262, www.dzr.mk, dzr@dzr.gov.mk